Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК
## од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 октомври 2020 година

Скопје, октомври 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 октомври 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:25 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска,

нотар.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување на Записникот од 12-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 и 15 октомври 2020 година**

1. Записник од Осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 26 октомври 2020 година

2. Збирен за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините: Валандово, Велес, Кочани, Пробиштип и Свети Николе

3. Годишна сметка за 2019 година, Годишен извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје за периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година и Финансиски извештај за 2019 година, со Ревизорски извештај и предлог-одлуки

4. Годишна сметка, финансиски извештаи и Годишен извештај за работењето на АД „ТЕЦ Неготино“ за 2019 година, со Извештај на независните ревизори, со предлог – одлуки

5. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (Управа за хидрометеоролошки работи)

6. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.712/1 во КО Пробиштип) ДП 03-27/20 ДП Штип

7. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука

8. Информација за преземените активности согласно заклучоците од осмата затворена седница на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со финалниот извештај од ОЛАФ за два договори кои се спроведени децентрализирано во рамките на Програмата за помош при транзиција и институционална надградба (ТАИБ 2009 и ТАИБ 2011)

9. Информација за плаќање на обврските од членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД

10. Информација за задолжување на Општина Конче кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, со Предлог-одлука

11. Информација за потребата од обезбедување на дополнителни средства за Проектот за поврзување на локални патишта финансиран од Светска банка

12. Информација во врска со доделување на недвижни ствари (површина од 302 м2 во Објектот на државни институции – Јавна администрација и Факултет за драмски уметности) на трајно користење на Министерството за животна средина и просторно планирање и селидба на вработени административни службеници од поранешна Комерцијална банка во бараниот простор

13. Информација за назначување на Контакт лице за Зелениот климатски фонд

14. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина на локалитетот „КО Желино“ Општина Желино, со Предлог – решение

15. Предлог-одлука за намалување на увозните давачки - царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошко напредни производи

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“, по скратена постапка

17. Информација за извршени преговори за усогласување на Меморандумот за разбирање за 5G патоказ за дигитална трансформација во регионот на Западен Балкан, со усогласен Меморандум

18. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/719 на Советот од 28 мај 2020 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП во однос на рестриктивни мерки против Сирија

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства

20. Информација за имплементација на Рамковниот Договор за јавна набавка на лекот „Veklury (remdesivir)“ доделен со постапка за набавка преку Договорот за заеднички набавки склучен со Европската комисија и обезбедување на финансиски средства

21. Барање за давање на автентично толкување на член 21 Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), поднесено од градоначалникот на Општина Куманово

22. Барање за давање на автентично толкување на член 40 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), поднесено од градоначалникот на Општина Куманово

23. Барање за давање на автентично толкување на член 121 став (5) од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/10, 140/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20), поднесено од пратеникот Миле Лефков

24. Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија во 2019 година

25. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 276/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 51 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019)

26. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 94890 за КО Ѓ.Петров и Имотен лист бр.94891 за КО Ѓорче Петров 3-Дексион на КП бр.10077 МВ/Улица Ѓорче Петров

27. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102145 за КО Бутел, Имотен лист бр.101548 за КО Бутел, Имотен лист бр.101267 за КО Бутел и Имотен лист бр.101671 за КО Бутел

28. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2085 за КО Злокуќани на КП бр.7060 МВ С. Злокуќани, доставена од нотар Џеват Бучи од Скопје

29. Кадровски прашања

30. Прашања и предлози

31. Програма за работа на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за 2020 година

32. Годишен извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1.2019 до 31.12.2019 година

33. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви јули до 30-ти септември 2020 година

34. Информација за текот и прогресот на постапката за доделување на договор за јавна набавка на медицинска опрема – магнетни резонанци за потребите на ЈЗУ Општа болница Прилеп, ЈЗУ Општа болница Гостивар и ЈЗУ Општа болница Охрид

35. Информација за текот и прогресот на постапката за доделување на договор за јавна набавка на медицинска опрема – компјутерски томографи за потребите на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кавадарци и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија

36. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за септември 2020 година

37. Информација со иницијатива за задолжување за имплементација на Проектот за унапредување на основното образование

38. Информација за извршени преговори за усогласување на Меморандумот за разбирање за регионална интероперабилност и доверливи услуги помеѓу регионот Западен Балкан, со усогласен текст на Меморандум

*

*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 12-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 и 15 октомври 2020 година.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа Записникот од Осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 26 октомври 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 26 октомври 2020 година.

2. Го усвои Општиот протокол за организирање на спортски натпревари во услови на пандемија со COVID-19 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

## Точка 2

Владата по Збирниот извештај за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините: Валандово, Велес, Кочани, Пробиштип и Свети Николе, ги донесе следниве заклучоци:

1. Ги разреши од должноста, претседателот, секретарот и членовите на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штети од елементарни непогоди.

2. Се задолжува Комисијата за именување, за наредната седница на Владата, да достави предлог за именување на претседател, секретар и членови на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штети од елементарни непогоди, по претходно обезбедени номинации од соодветните институции во координација со м-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

3. Се задолжува Министерството за финансии, согласно член 143, став 2 од Законот за заштита и спасување, во рок од 30 дена до Владата да достави нова Предлог - методологија за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди, односно да го прецизира критериумот за „помала" и „поголема" штета, како и постапување и реализирање на Заклучокот на Владата, усвоен на Петата седница, одржана на 28.1.2020 година.

**Точка 3**

Владата по Годишната сметка за 2019 година, Годишниот извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје за периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година и Финансиски извештај за 2019 година, со Ревизорски извештај и предлог-одлуки, со дополнувањето, ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Ревидираната Годишна сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта Ц.О.-Скопје за период 1.1-31.12.2019 година и

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта-Скопје Ц.О. за 2019 година, во предложените текстови.

**Точка 4**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на АД „ТЕЦ Неготино" за 2019 година, со Извештај на независните ревизори, со предлог – одлуки, го донесе најновиот текст на Одлуката за распределба на добивка по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (Општинско основно училиште „Григор Прличев“ Охрид), во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пласница (Општинско основно училиште „Мустафа Ќемал Ататурк“ Пласница), во предложениот текст.

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (Средното општинско стручно училиште „Св. Кирил и Методиј“ Охрид), во предложениот текст.

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (Општинско средно училиште „Св. Климент Охридски“ Охрид), во предложениот текст.

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (Општински електро-машински училиштен центар „Св. Наум Охридски“ Охрид), во предложениот текст.

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар (Општинско средно техничко училиште „Гостивар“ Гостивар), во предложениот текст.

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (Општинско основно училиште „Блаже Конески“ Аеродром), во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности согласно заклучоците од осмата затворена седница на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со финалниот извештај од ОЛАФ за два договори кои се спроведени децентрализирано во рамките на Програмата за помош при транзиција и институционална надградба (ТАИБ 2009 и ТАИБ 2011), ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да изврши поврат на средства кон Европската комисија од националниот буџет, во согласност со износот и рокот кои ќе бидат наведени во барањето на Европска комисија за поврат на средствата во врска со финалниот извештај од ОЛАФ за два договори кои се спроведени децентрализирано во рамките на Програмата за помош при транзиција и институционална надградба (ТАИБ 2009 и ТАИБ 2011).

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за плаќање на обврските од членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и

размена на информации за даночни цели при ОЕЦД и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД за 2019 година, во рок од 30 дена.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Конче кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Конче со краткорочен кредит кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на дополнителни средства за Проектот за поврзување на локални патишта финансиран од Светска банка, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да испрати официјален допис до Светска банка со барање да обезбедат дополнителни средства во износ од 37.000.000 евра за Проектот за поврзување на локални патишта финансиран од Светска банка.

Истовремено, Владата заклучи при распределба на средствата да се има предвид Стратегијата за рамномерен регионален развој, диспаритетот на развој на различните региони и општини, при објавување на повиците да се води сметка за застапеноста на сите општини подеднакво, како и да се следи динамиката и реализацијата на проектите, во сите фази.

Согласно ова, се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и за наредната седница на Економскиот совет да достави Информација во врска со ова прашање.

**Точка 12**

Владата на предлог на предлагачот ја повлече од Дневен ред Информацијата во врска со доделување на недвижни ствари (површина од 302 м2 во Објектот на државни институции – Јавна администрација и Факултет за драмски уметности) на трајно користење на Министерството за животна средина и просторно планирање и селидба на вработени административни службеници од поранешна Комерцијална банка во бараниот простор.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на Контакт лице за Зелениот климатски фонд и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се назначува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, за Контакт лице (Focal point) кон Зелениот климатски фонд.

2. Се назначува д-р Теодора Грнчарова-Обрадовиќ, државен советник за климатски промени од Министерството за животна средина и просторно планирање за дополнително Техничко контакт лице (Technical focal point) кон Зелениот климатски фонд.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да го извести Зелениот климатски фонд во рок од пет дена, за назначувањето на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи за Контакт лице (Focal point) кон Зелениот климатски фонд, Даниел Јосифовски, советник од кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, останува Техничко контакт лице (technical focal point) кон Зелениот климатски фонд, а за дополнително Техничко контакт лице се назначува д-р Теодора Грнчарова-Обрадовиќ, државен советник за климатски промени, од Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина на локалитетот „КО Желино“ Општина Желино, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за намалување на увозните давачки - царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошко напредни производи, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 16

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, Министерството за правда редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереник Маја Малјановска, раководител на сектор во Министерството за правда.

Истовремено, Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.44-8850/1 од 27 септември 2020 година.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за извршени преговори за усогласување на Меморандумот за разбирање за 5G патоказ за дигитална трансформација во регионот на Западен Балкан, со усогласен Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за 5G патоказ за дигитална трансформација во регионот на Западен Балкан, со укажување текстот на Меморандумот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, во насока да се преоцени потребата од негово дополнување, во случај на разлики на толкување во примената на одредбите при спроведувањето на истиот и како ќе бидат решавани евентуално настанатите спорови

2. Се овластува д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација да го потпише Меморандумот за разбирање за регионална интероперабилност и доверливи услуги во регионот на Западен Балкан.

## Точка 18

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/719 на Советот од 28 мај 2020 година за изменување на

Одлуката 2013/255/ЗНБП во однос на рестриктивни мерки против Сирија (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 19

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, Министерството за труд и социјална политика номотехнички да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика, Добре Ефремовски, директор на Управата за прашања на борците и воените инвалиди и Сузана Анова, раководител на сектор во Управата за прашања на борците и воените инвалиди.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Рамковниот Договор за јавна набавка на лекот „Veklury (remdesivir)“ доделен со постапка за набавка преку Договорот за заеднички набавки склучен со Европската комисија и обезбедување на финансиски средства и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, да го потпише и имплементира Посебниот Договор за јавна набавка на лекот „Veklury (remdesivir)“ согласно обврските преземени од Рамковниот договор за јавна набавка на лекот „Veklury (remdesivir)“, доделен со постапка за набавка преку Договорот за заеднички набавки склучен со Европската комисија.

2. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди во рамките на буџетот на Министерството за здравство за 2020 година, дополнителни 13.500.000,00 денари, за плаќање на лекот „Veklury (remdesivir)“ за октомври, додека останатите средства во износ од 67.500.000,00 денари, за исплата по сукцесивна испорака на овој лек за период од 5 месеци, да се предвидат и обезбедат во буџетот на Министерството за здравство за 2021 година.

**Точка 21**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 21 Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), поднесено од градоначалникот на Општина Куманово и притоа го утврди следново мислење:

Во барањето за автентично толкување на член 21 Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), поднесено од градоначалникот на Општина Куманово, се бара објаснување дали согласно одредбата од членот 21 од наведениот закон, Советот на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје може да дава право на користење на недвижни ствари во сопственост на општините на органи и на правни лица основани од општината, како и на здруженија на граѓани и фондации.

Според одредбата од член 21 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, недвижните ствари во сопственост на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, Советот на општината, односно Советот на општините во Градот Скопје и Советот на Град Скопје, со одлука може времено или трајно да ги дадат на користење, со или без надоместок, на државни органи и на правни лица основани од државата.

Според ставот (2) за престанок на правото на користење на стварите од ставот (1) на овој член одлучува на Советот на општината, односно Советот на општините во Градот Скопје и Советот на Град Скопје, а според ставот (3) одлуката на Советот на општината, односно Советот на општините во Градот Скопје и Советот на Град Скопје, е основ за запишување во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Од цитираната законска одредба јасно произлегува дека оваа одредба од законот се применува само во случај кога недвижните ствари сопственост на општината се даваат на времено или трајно користење на државни органи или правни лица основани од државата, но не и на институции или правни лица основани од општината.

Имено со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, се уредуваат правата и должностите на државните органи во однос на набавката, користењето и располагањето со стварите во државна сопственост и евиденцијата на стварите што како долгорочни средства ги користат државните органи за извршување на работите и задачите во земјата и во странство, освен за стварите што ги користат дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија, како и правата и

должностите на правните лица основани од државата во однос набавката, размената, користењето на недвижни и движни ствари и продажбата на движни ствари, а според став (2) со овој закон се уредува и постапката за давање на користење на стварите во општинска сопственост на државните органи и на правните лица основани од државата, како и постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост, како и продажба на ствари за кои е издаден лист за предбележување на градба во корист на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје.

Со оглед на горенаведеното Владата на Република Северна Македонија дека нема потреба од автентично толкување на одредбата од член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, со оглед дека наведената одредба може да биде основ за донесување на одлука на Советот на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, само во случај кога се дава на користење недвижна ствар во општинска сопственост на државни органи и правни лица основани од државата.

## Точка 22

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 40 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), поднесено од градоначалникот на Општина Куманово и притоа го утврди следново мислење:

Од наводите во доставеното Барање на градоначалникот на Општина Куманово, произлегува прашањето дали одредбата од членот 40 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, може да биде соодветно применета и од страна на општините и Градот Скопје, односно дали општините и Градот Скопје имаат право да дадат во закуп недвижна ствар со непосредна спогодба под истите услови како и Владата на Република Северна Македонија.

Имено, подносителот на барањето смета дека постои недореченост во овој дел од законот и воедно истакнува дека општините и Градот Скопје имаат право на ист начин и под исти услови како и Владата на Република Северна Македонија да располагаат и да ги користат недвижните ствари кои се во општинска сопственост.

Според член 40 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Владата на Република Македонија, на образложен предлог на одговорното лице на државниот орган, може да одлучи определена недвижна ствар да се даде во закуп со непосредна спогодба.

(2) Недвижна ствар од ставот (1) на овој член се дава во закуп со услов, а заради нејзино користење за определена намена во случаи на:

-користење на недвижна ствар за определена намена од областа на одбраната и безбедноста на Република Македонија (производи и услуги за потребите на одбраната и безбедноста),
-користење на недвижната ствар за научни, културни и образовни потреби;
-кога со давање во закуп на недвижната ствар се презема и обврска за преземање на работници вработени во државните органи,
-користење на недвижната ствар за потребите на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје;
-користење на недвижната ствар од здруженија на граѓани и фондации за остварување на непрофитни дејности од интерес за Република Македонија;
-користење на недвижната ствар за изведување на научни, културни и образовни проекти од интерес за Република Македонија;
-користење на недвижната ствар за потребите на организациите и специјализираните агенции на Обединетите Нации, Советот на Европа и НАТО и
-користење на недвижна ствар за потребите и во функција на граничните премини.
(3) Кога недвижната ствар е дадена во закуп на начин определен со ставот (1) на овој член, а недвижната ствар се користи спротивно на намената за која е дадена во закуп недвижната ствар со непосредна спогодба, ќе се смета дека закупецот не го исполнил условот од одлуката, односно договорот за закуп, што е основ за поништување на договорот.
(4) Кога недвижна ствар се дава во закуп со непосредна спогодба, врз основа на одлука на Владата на Република Македонија, со одлуката, на предлог на одговорното лице на државниот орган се определува закупецот и висината на закупнината.

Од цитираната законска одредба, чие автентично толкување се бара јасно произлегува дека Владата на Република Северна Македонија може да одлучи да се дадат во закуп со непосредна спогодба само недвижни ствари кои се во сопственост на државните органи и правните лица основани од државата, додека пак со стварите во општинска сопственост во име на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје располага советот на општината, советите на општините во Градот Скопје и Советот на Градот Скопје, на што имено упатува и членот 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, според која законска одредба со стварите во општинска сопственост во име на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје располага советот на општината, советите на општините во градот Скопје и Советот на град Скопје.

Имено, одредбите од овој закон кои се однесуваат на продажба и давање во закуп на недвижни и продажба на движни ствари со електронско јавно наддавање соодветно се применуваат и при продажбата и давањето во закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост, односно истите треба да ги применуваат општините, но не и законските одредби кои се однесуваат на располагањето со стварите сопственост на државните органи и правните лица основани од државата.

Имајќи го предвид погоре изнесеното Владата на Република Северна Македонија смета дека во конкретниот случај нема потреба од автентично толкување на членот 40 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи сопственост („Службен весник на Република Македонија“, бр. 78/2015, 106/2015, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/19 и 275/19).

**Точка 23**

Владата го одложи Барањето за давање на автентично толкување на член 121 став (5) од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/10, 140/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20), поднесено од пратеникот Миле Лефков, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави заедничко мислење по Барањето.

Барањето претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 24**

Владата го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија во 2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 33 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18), Државниот завод за ревизија изготвува Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија и истиот го доставува на разгледување до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30 јуни во тековната година, за претходната година.
Во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија презентирани се резултатите од извршени ревизии и утврдените состојби кај субјектите кои биле предмет на ревизија согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година.

Државниот завод за ревизија во 2019 година извршил вкупно 54 ревизии, од кои 38 ревизии на регуларност, 6 ревизии на успешност, 2 follow up ревизии, 5 ревизии на усогласеност и 3 ревизии на специфични елементи, сметки или ставки во финансиските извештаи. Со спроведените ревизии Државниот завод за ревизија опфатил вкупно 174 субјекти што е за 70,58% повеќе во однос на претходната година кога биле опфатени вкупно 102 субјекта. По извршените ревизии констатирани се 826 наоди/состојби и издадени се 498 препораки.

Согласно Извештајот, вкупниот буџет на Државниот завод за ревизија во 2019 година изнесувал 99,7 милиони денари, од кои 93,99% или 93,7 милиони денари се обезбедени од централниот буџет и 6,01% или 6,0 милиони денари се од сопствени приходи. Вкупните расходи се во износ од 85,9 милиони денари, а најголемиот дел од нив 80% или 69 милиони денари се наменети за плати на вработените.

Составен дел на Годишниот извештај се Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата на приходи наплатени од органи, и Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи на Проектот МАК 12/0015 „Имплементација на систем за управување со ревизија".

Ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија е извршена од страна на друштвото за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје. Според мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи за средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, за средствата на приходите наплатени од органите, како и финансиските извештаи на Проектот МАК 12/0015 „Имплементација на систем за управување со ревизија" ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија и законското користење на средствата во 2019 година.

Поради горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2019 година.

## Точка 25

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 276/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 51 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2019) и притоа го утврди следното мислење:

Со иницијативата се предлага поведување постапка за оценување на уставноста на член 51 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19), од причина што подносителот на истата смета дека со оваа одредба не се пропишани критериумите за исплата на месечниот надоместок за работа на стручните комисии за издавање на наод, оцена и мислење за потребата за помош и нега од друго лице, формирани во јавни здравствени установи, во висина најмногу до две третини од просечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија за претходната година според податоците од Државниот завод за статистика, што не е во согласност со начелото на владеење на правото од член 8 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија.

По однос на предметната иницијатива за оценување на уставноста на член 51 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), разгледани се наводите во иницијативата и релевантните прописи, со цел за оцена на правните аргументи по однос на истата.
Имено, согласно со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеење на правото.

Правна основа за регулирање на системот на социјалната заштита претставуваат одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор и член 35, со која одредба е дадено овластување Републиката да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, како и да им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, да обезбеди посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19 и 275/19), во членот 2 ја дефинира социјалната заштита како дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Согласно со член 6 од Законот за социјалната заштита, Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност и го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, а како носители на социјалната заштита се утврдени Републиката, Општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, во рамките на нивните законски надлежности.

Врз основа на наведеното, членот 51 став 3 од Законот за социјалната заштита се заснова на уставното начело на социјална праведност, се гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани и се обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Имено, со член 51 став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19 и 275/19) е утврдено дека потребата за помош и нега од друго лице со наод, оцена и мислење ја утврдуваат стручни комисии формирани во јавни здравствени установи во состав од тројца доктори специјалисти или супспецијалисти од следниве области: интерна

медицина, неврологија, психијатрија, физикална медицина и рехабилитација, ортопедија или офталмологија.

Со ставот 2 од истата одредба е утврдено дека јавните здравствени установи во кои се формираат стручните комисии со акт ги определува министерот за здравство во согласност со министерот за труд и социјална политика.

Со членот 51 став 3 од Законот за социјалната заштита е пропишано дека членовите на стручните комисии имаат право на месечен надоместок за нивната работа во месецот во кој комисијата одлучувала по поднесено барање, во висина најмногу до две третини од просечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија за претходната година според податоците од Државниот завод за статистика, при што согласно со ставот 4 на истиот член, Министерството за труд и социјална политика го исплаќа надоместокот на јавните здравствени установи.

Со одредбите на член 51 став 5 од овој закон е пропишано дека јавните здравствени установи за својата работа изготвуваат месечни извештаи кои ги доставуваат до Министерството и Министерството за здравство, врз основа на кои се врши исплатата на надоместоците од ставовите 3 и 5 на овој член.

Јавните здравствени установи во кои се формираат стручните комисии за издавање на наод, оцена и мислење за потребата за помош и нега од друго лице се формирани со акт на министерот за здравство во согласност со министерот за труд и социјална политика. Имено, формирани се 15 стручни комисии за утврдување на потребата од помош и нега од друго лице во јавните здравствени установи утврдени (по една комисија во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија, Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар, Јавна здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември“-Скопје, две во Јавна здравствена установа Здравствен дом Скопје, во Јавна здравствена установа Клинички болници во Тетово, Битола, Штип и Јавна здравствена установа Општи болници во Струмица, Охрид, Велес и Куманово), согласно претходно донесената Одлука за определување на надлежните јавни здравствено установи, бр.22-8418/1 од 20.11.2019 година.

Со Правилник за начинот за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, образецот на барањето и потребната документација, образецот за дадено мислење од страна на матичниот лекар за потребата од помош и нега од друго лице, начинот на работа на стручната комисија, составот и начинот на работата на второстепената комисија, начинот на водење евиденција за издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.126/19 и 192/20), поблиску се уредува работата на стручната комисија. Со овој акт е пропишано дека наодот, оцената и мислењето за потребата од помош и нега од друго лице се даваат врз основа на непосреден преглед на подносителот на барањето. По исклучок во случај кога од приложената медицинска документација несомнено може да се утврди потребата од помош и нега од друго лице, наодот,

оцената и мислењето се даваат врз основа на доставена медицинска документација без непосреден преглед.

Од март 2020 година, стручните комисии почнаа со работа со закажани непосредни прегледи. Матичните лекари преку Мој термин на подносителите на барање за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице им закажуваат прегледи во некоја од формираните комисии. Комисиите вршат непосредни прегледи по истекот на работното време, двапати во текот на една недела, односно осум пати во текот на еден месец. Секоја комисија врши преглед на најмалку 25 лице на еден термин, односно секоја комисија врши непосреден преглед на најмалку 200 лица. Во периодот од март до септември 2020 година стручните комисии имаат донесени 17110 наоди.

Врз основа на наведените факти, стручни комисии за утврдување на потребата од помош и нега од друго лице во јавните здравствени установи не постапуваат во рамките на своите надлежности уредени со прописите од областа на здравствената заштита, туку вршат дополнителни работи по истекот на работното време, утврдени со Законот за социјалната заштита.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, со оспорената законска одредба не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното се укажува дека член 51 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19 и 275/19) е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 51 став 3 од Законот за социјалната заштита.

## Точка 26

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 94890 за КО Ѓ. Петров и Имотен лист бр.94891 за КО Ѓорче Петров 3-Дексион на КП бр.10077 МВ/Улица Ѓорче Петров и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 27

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102145 за КО Бутел, Имотен лист бр.101548 за КО Бутел, Имотен лист бр.101267 за КО Бутел и Имотен лист бр.101671 за КО Бутел и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2085 за КО Злокуќани на КП бр.7060 МВ С. Злокуќани, доставена од нотар Џеват Бучи од Скопје и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 29**

**1.** Владата го избра Бајрам Реџепи за член на Одборот на директори на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост.

**2.** Владата го разреши Фарук Омери од должноста вршител на должноста директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии.

2.1. Владата ја именува Сања Лукаревска за вршител на должноста директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата ја именува Моника Јованова за претседател на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој.

**4.** Владата го именува Фатмир Арифи за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**5.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Управа за јавни приходи.

**6.** Владата по Информацијата за отповикување на барање за оставка од Милан Тоцев од должноста прв извршен член-генерален директор на АД „11 Октомври-Еурокомпозит“ Прилеп, заклучи Комисијата за именување за наредната седница на Владата да достави предлог за именување на прв извршен член-генерален директор на АД „11 Октомври-Еурокомпозит“ Прилеп.

**Точка 30**

**1.** Владата го разгледа Барањето доставено од АК ПАУЕР СПОРТ Скопје, под број 03-26/1 од 16.10.2020 година и притоа заклучи истото да го достави на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за надворешни работи, со цел издавање на вакви службени патни исправи во постапка утврдена со соодветен Правилник.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата за постапката пред Уставниот суд на Република Северна Македонија по иницијативата за оценување на уставноста на член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како материјал за информирање.

**3.** Владата го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Второстепена воено-лекарска комисија, со заклучок текстот на Решението редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**4.** Владата го разгледа и прифати Барањето за измена на Заклучокот од точка 49 од Нацрт-записникот од Педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 февруари 2018 година, а во врска со Извештајот за завршени преговори за склучување на Договор помеѓу Владата на Република Албанија и Владата на Република Македонија за соработка во областа на дијаспората, со усогласен текст на Договорот и заклучи точката 2 да се измени и да гласи:

„2. Се определува министерот за надворешни работи, д-р Бујар Османи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Албанија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во областа на дијаспората.“.

**5.** Владата го разгледа новиот текст на Барањето за добивање на согласност на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита и заклучи да не даде согласност на Ценовникот, со оглед на тоа што не постои законски основ и пропис за давање на согласност на ценовник на приватен научен институт за земјотресно инженерство и климатски промени.

**6.** Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи, во соработка со надлежните министерства, во рок од 15 дена, да подготви и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достави предлог на уредба за изменување на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 161/12), во насока на ревидирање на критериумите за стекнување на државјанство, а особено во однос на критериумите содржани во членот 3 од Уредбата во однос на постоење на особен економски интерес.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1.2019 до 31.12.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви јули до 30-ти септември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на постапката за доделување на договор за јавна набавка на медицинска опрема – магнетни резонанци за потребите на ЈЗУ Општа болница Прилеп, ЈЗУ Општа болница Гостивар и ЈЗУ Општа болница Охрид, како материјал за информирање.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на постапката за доделување на договор за јавна набавка на медицинска опрема – компјутерски томографи за потребите на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кавадарци и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија, како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за септември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата со иницијатива за задолжување за имплементација на Проектот за унапредување на основното образование, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за образование и наука да пристапи кон преговори со Меѓународната банка за обнова и развој, во насока на обезбедување на заем во износ од 25.000.000 долари за финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, предвиден во Рамковната соработка (Country Partnership Framework) помеѓу Република Северна Македонија и групацијата Светска банка за периодот 2019-2023 година.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за извршени преговори за усогласување на Меморандумот за разбирање за регионална интероперабилност и доверливи услуги помеѓу регионот Западен Балкан, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за регионална интероперабилност и доверливи услуги помеѓу регионот  Западен Балкан со укажување текстот на Меморандумот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, во насока да се преоцени потребата од негово дополнување, во случај на разлики на толкување во примената на одредбите при спроведувањето на истиот и како ќе бидат решавани евентуално настанатите спорови.

2. Се овластува д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација да го потпише Меморандумот за разбирање за регионална интероперабилност и доверливи услуги помеѓу регионот Западен Балкан.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:00 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**